Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје

# МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје

## ПРВ СВЕЧЕН ЧАС НА УКИМ

На 15 септември 2010 година во Повеќенаменската сала “Борис Трајковски” се одржа првиот академски час на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, со што на свечен и несекојдневен начин се означи почетокот на учебната 2010/2011 година. На часот присуствуваа и членовите на Универзитетскиот сенат, Универзитетскиот совет, продеканите, професорите, асистентите, вработените во стручните служби. Новите членови на академската заедница на УКИМ ги поздрави организаторот и домаќинот на манифестацијата ректорот проф. д-р Велимир Стојковски.



## ПОСЕТА

На 19.7.2010 Машинскиот Факултет го посети делегација од Агенцијата за странски инвестиции во Република Македонија со претставници од компанијата Continental. При посетата гостите остварија работна средба со Деканот на Машинскиот Факултет на која беа презентирани активностите на МФС, наставните програми и активностите на студентите како и можностите за поддршка на нивните идни инвестициски активности во земјава.

## СТИПЕНДИИ

Машинскиот факултет во Скопје и компанијата ФАКОМ потпишаа договор за стипендирање на најдобрите студенти и доделување награда за најдобра дипломска работа од областа на челични конструкции.



## ORIO ПРОГРАМА

Во организација на Центарот за нови бизниси при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", на 25.8.2010 година Машинскиот Факултет го посетија претставници на Холандската Амбасада во Република Македонија. При посетата на нашиот Факултет, Заменикот амбасадор на Холандија во Република Македонија ја претстави програмата ORIO. Во моментот, во тек е вториот повик за проектни апликации кој завршува на 11.10.2010 година. Повеќе информации околу оваа програма можете да најдете на нивната веб страна: www.orio.nl

## РАБОТИЛНИЦА

Министерството за животна средина и просторно планирање, во својство на Национален координатор за климатски промени, во соработка со Националниот центар за почисто производство при Машинскиот Факултет во Скопје, организираше работилница наменета за македонските индустриски компании за проценка на нивната корпоративност и јаглеродниот отпечаток на нивните производи. Работилницата се реализираше на 23.09.2010 во просториите на Машинскиот факултет во Скопје.

## ЕКСКУРЗИЈА

Студентите од четврта година на насоката моторни возила, при институтот МКММВ беа на научна ескурзија во траење од 10 дена во Германија. Ги посетија фабриките на BMW, AUDI, Mercedes, SETRA и Johnson Controls. Исто така, беа посетени и музеите на Мерцедес и Порше. Студентите во текот на ескурзијата беа запознаени со современите процесите на изработка на автомобили и автобуси. Екскурзијата беше успешно организирана и изведена.




Сите информации да се доставуваат кај секретарката на деканот, Весна Филиповска, тел. 3099-200, или по e-mail dekanat@mf.ukim.edu.mk

## НОЌ НА ИСТРАЖУВАЧИ

На 24.09.2010 година Битола беше еден од 200-те европски града во кои се оддржа "Ноќта на истражувачите". Носител на манифестацијата беше Универзитетот "Св. Климент Охридски". Машинскиот факултет од Скопје се претстави со прототипи на ново возило, нов лифт и робот. Изложените модели предизвикаа значаен интерес пред многубројната публика.

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец септември 2010 година остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Вон. проф. д-р Глигорче Вртаноски оствари службено патување во Белград, во својство на координатор за интелектуална сопственост на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и учествуваше на меѓународната конференција организирана од "WIPO" - Светска организација за интелектуална сопственост.
2. Асс. м-р Емил Заев на стручно усовршување на Универзитетот во Леобен, Р. Австрија.
3. Пом. асс. м-р Мите Томов учествува на 10-та Меѓународна конференција "Computer Aided Engineering" во период од 22-30 јуни во Р. Полска.
4. Проф. д-р Марјан Гаврилоски и проф. д-р Валентино Стојковски остварија службено патување во Р. Словенија во рамките на реализацијата на договорот за техничка контрола за ХЕЦ "Св. Петка".
5. Пом. асс. Иле Мирчевски и пом. асс. Маријо Телента во Р. Германија во својство на водители на научната екскурзија со студентите од насоката моторни возила.
6. Асс. м-р Кристина Јакимовска учествуваше на семинар од областа на безбедност во Р. Србија.
7. Доц. д-р Дарко Данев оствари службено патување во Р. Украина како претставник од Машинскиот факултет во Скопје во рамките на владина делегација.
8. Вон. проф. д-р Ѓорѓи Аџиев реализира службено патување во Екваторијална Гвинеја во рамките на соработката со APAVE SEE.
9. Пом. асс. Бојан Прангоски учествува на DAAD семинар во Нови Сад, Р. Србија.
10. Проф. д-р Ристо Цицонков оствари службено патување во Белгија во рамки на меѓународна работилница.
11. Проф. д-р Јован Гочев и проф. д-р Валентино Стојковски на службен престој во Р. Чешка.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**11.10.2010**
**ДЕН НА НАРОДНОТО ВОСТАНИЕ**

**26.10.2010**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**

**28.10.2010**
**24 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.
Иван Поп Тонев, дипл. ел. инж

**Година 2010, септември, број 93**

# Ф А К У Л Т Е Т С К И
# И Н Ф О Р М А Т О Р

## ПРВ СВЕЧЕН ЧАС

Во учебната 2010/2011 година, на Машинскиот факултет во Скопје се запишаа вкупно 426 студенти, од кои 284 студенти на академските студии и 142 студенти на професионалните студии. Во рамките на "Проектот 45" се запишаа 11 студенти. Во четврток, на 16 Септември 2010 година, со првиот свечен час започна новата учебна година. На свечениот час беа поздравени новите студенти. По тој повод, пригоден говор оддржа деканот на Машинскиот факултет проф. д-р Атанас Кочов. На крајот на свеченоста на најдобриот студент на МФС му беше подарен велосипед, подарок од компанијата ABC BROTHER.

